ООУ ДИМКАТА АНГЕЛОВ - ГАБЕРОТ
ВАТАША

Бр. 08-156/3
12.06.2026 год.
с. Ваташа, Кавадарци

Врз основа на член 30 став 4 од Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ бр.161/19, 229/20, 3/25, 74/25 и 250/25), Наставниот план и програма, Водичот за слободни изборни предмети за основното образование, Извештаите од наставниците за спроведено анкетирање на родителите во е дневникот, Директорот на ООУ„Димката Ангелов - Габерот“ с.Ваташа, Кавадарци на ден 12.06.2026 година, донесе

08/6
12.06.26

**О Д Л У К А**

За избор на изборни предмети кои ќе се изучуваат во учебната 2026/2027 година

**Член 1**

Учениците при ООУ„Димката Ангелов- Габерот“ с.Ваташа, во учебната 2026/2027 година, ќе ги изучуваат следните изборни предмети:

- Учениците од **IV-а и IV-б** одделение во првото полугодие од 2026/2027 ќе го изучуваат наставниот предмет **Оригами**, а во второто полугодие наставниот предмет **Игри за разрешување конфликти.**
- Учениците од **V-а** и **V-б** одделение во првото полугодие од 2026/2027 ќе го изучуваат предметот **Ги откриваме германскиот свет и култура**, а во второ полугодие наставниот предмет **Учам за моето здравје**.
- Учениците во **VI-а** и **VI-б** одделение, во учебната 2026/2027 година, ќе го изучуваат наставниот предмет **Класична култура**, а во второто полугодие наставниот предмет **Филозофија за деца.**
- Учениците во **VII-а и VII-б** одделение, во учебната 2026/2027 година, ќе го изучуваат наставниот предмет **Музиката и другите уметности**, а во второто полугодие наставниот предмет **Шах.**
- Учениците во **VIII-а и VIII-б** одделение, во учебната 2026/2027 година, ќе го изучуваат наставниот предмет **Готвење**, а во второто полугодие наставниот предмет **Истражување на родниот крај.**
- Учениците во **IX-а и IX-б** одделение, во учебната 2026/2027 година, ќе го изучуваат наставниот предмет **Креативност и претприемништво преку ракотворби**, а во второто полугодие наставниот предмет **Уметноста и емоциите.**

**Член 2**

Изборните наставни предмети стануваат задолжителни и за истите учениците ќе се оценуваат.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Дата:
12.06.2026

Директор,
/Даниела Мукаетова/